# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ОХРИД



| СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ОХРИД ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА | О Х Р И Д<br>13.07.2022 год.<br>БРОЈ 7 ГОДИНА 57 |
|---|---|



## С О Д Р Ж И Н А



| Реден број | Име на одлука | Страна |
|---|---|---|
| 1. | Одлука за усвојување на програмски документ - препораки за видовите, критериумите, висината и начинот на спроведување постапки за финансиска поддршка од средствата предвидени во буџетот на општина Охрид и во годишните програми за работа од Секторот за образование, детска, здравствена и социјална заштита за учебната 2022/2023 година наменети за ученици, студенти и наставници | 4 |
| 2. | Одлука за престанување на важност на одлуката за донесување правилник за субвенционирање на општинскиот линиски превоз на патници на подрачјето на општина Охрид | 12 |
| 3. | Одлука за престанување на важност на одлуката за донесување правилник за субвенционирање на линиски превоз на патници кој заеднички го организираат општина Охрид и општина Дебарца | 13 |
| 4. | Одлука за измени и дополнувања на одлуката за остварување на субвенции во линискиот превоз на патници, кој заеднички го организираат општина Охрид и општина Дебарца | 15 |
| 5. | Одлука за дополнување на одлуката за изменување и дополнување на одлуката за општински линиски превоз на патници во општина Охрид | 16 |
| 6. | Одлука за прифаќање донација на спортска веслачка опрема и веслачки реквизити | 17 |
| 7. | Одлука за пренесување на правото на користење на спортска веслачка опрема и веслачки реквизити, сопственост на општина Охрид на веслачкиот клуб „Горица Ремо“ - Охрид | 19 |
| 8. | Одлука за пренесување на правото на користење на товарно моторно возило за специјална намена - пајак од општина Охрид на ЈП„Билјанини извори“ Охрид | 20 |
| 9. | Одлука за давање согласност на одлуката за утврдување вредност на бодот за пресметување на платите на вработените во ЈП „Охридски Комуналец“ Охрид во нето-бруто износ | 22 |
| 10. | Одлука за субвенционирање трошоци за потрошена електрична енергија на ЈП „Водовод“ - Охрид | 23 |

| | | |
|---|---|---|
| **11.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко - планска документација со цел вклопување на бесправно изградениот објект на Кп.бр. 2948 КО Коњско | **24** |
| **12.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко - планска документација со цел вклопување на бесправно изградениот објект на Кп.бр. 181 КО Косел | **26** |
| **13.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко - планска документација со цел вклопување на бесправно изградениот објект на Кп.бр. 279/1 КО Косел | **27** |
| **14.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко - планска документација со цел вклопување на бесправно изградениот објект на Кп.бр. 753/4 и 766/5 КО Косел | **28** |
| **15.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко - планска документација со цел вклопување на бесправно изградениот објект на Кп.бр. 912/11 КО Оровник | **29** |
| **16.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко - планска документација со цел вклопување на бесправно изградениот објект на Кп.бр. 1098/1 КО Долно Лакочереј Вон град | **30** |
| **17.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко - планска документација со цел вклопување на бесправно изградениот објект на Кп.бр. 1120/19, 954/1 и 1120/34 КО Оровник | **31** |
| **18.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко - планска документација со цел вклопување на бесправно изградениот објект на Кп.бр. 1313 КО Долно Лакочереј | **32** |
| **19.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко - планска документација со цел вклопување на бесправно изградениот објект на Кп.бр. 1511 КО Лескоец | **33** |
| **20.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко - планска документација со цел вклопување на бесправно изградениот објект на Кп.бр. 1537 КО Лескоец | **35** |
| **21.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко - планска документација со цел вклопување на бесправно изградениот објект на Кп.бр. 1710/1 КО Горно Лакочереј | **36** |
| **22.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко - планска документација со цел вклопување на бесправно изградениот објект на Кп.бр. 1818/1 КО Лескоец | **37** |
| **23.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко - планска документација со цел вклопување на бесправно изградениот објект на Кп.бр. 1885 КО Лескоец | **38** |
| **24.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко - планска документација со цел вклопување на бесправно изградениот објект на Кп.бр. 1950/4 КО Горно Лакочереј | **40** |
| **25.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко - планска документација со цел вклопување на бесправно изградениот објект на Кп.бр. 2148/1 и 2147/2 КО Лескоец | **41** |

| | | |
|---|---|---|
| **26.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко - планска документација со цел вклопување на бесправно изградениот објект на Кп.бр. 2334 КО Долно Лакочереј | **42** |
| **27.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко - планска документација со цел вклопување на бесправно изградениот објект на Кп.бр. 2650 КО Долно Лакочереј | **43** |
| **28.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко - планска документација со цел вклопување на бесправно изградениот објект на Кп.бр. 2750/1 КО Коњско | **44** |
| **29.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко - планска документација со цел вклопување на бесправно изградениот објект на Кп.бр. 3195/2 КО Коњско | **46** |
| **30.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко-планска документација за усогласување на намената на земјиштето на Кп.бр. 3/1 КО Рамне | **47** |
| **31.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко-планска документација за усогласување на намената на земјиштето на Кп.бр. 9277/8 КО Охрид 2 | **48** |
| **32.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко-планска документација за усогласување на намената на земјиштето на Кп.бр. 13858 и 13854/2 КО Охрид 3 | **49** |
| **33.** | Јавна објава | **50** |
| **34.** | Јавна објава | **51** |
| **35.** | Јавна објава | **51** |
| **36.** | Јавна објава | **52** |
| **37.** | Јавна објава | **52** |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОГРАМСКИ ДОКУМЕНТ - ПРЕПОРАКИ ЗА ВИДОВИТЕ, КРИТЕРИУМИТЕ, ВИСИНАТА И НАЧИНОТ НА СПРОВЕДУВАЊЕ ПОСТАПКИ ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ОД СРЕДСТВАТА ПРЕДВИДЕНИ ВО БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ОХРИД И ВО ГОДИШНИТЕ ПРОГРАМИ ЗА РАБОТА ОД СЕКТОРОТ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ, ДЕТСКА, ЗДРАВСТВЕНА И СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА ЗА УЧЕБНАТА 2022/2023 ГОДИНА НАМЕНЕТИ ЗА УЧЕНИЦИ, СТУДЕНТИ И НАСТАВНИЦИ**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на програмски документ - препораки за видовите, критериумите, висината и начинот на спроведување постапки за финансиска поддршка од средствата предвидени во буџетот на општина Охрид и во годишните програми за работа од Секторот за образование, детска, здравствена и социјална заштита за учебната 2022/2023 година наменети за ученици, студенти и наставници, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 12.07.2022 година.

**Број 09-9420/35**
**12.07.2022 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 и член 22 став 1 точка 8 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02 ) и член 18 став 1 точка 15 од Статутот на општина Охрид („Службен гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата оддржана на ден 12.07.2022 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОГРАМСКИ ДОКУМЕНТ - ПРЕПОРАКИ ЗА ВИДОВИТЕ, КРИТЕРИУМИТЕ, ВИСИНАТА И НАЧИНОТ НА СПРОВЕДУВАЊЕ ПОСТАПКИ ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ОД СРЕДСТВАТА ПРЕДВИДЕНИ ВО БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ОХРИД И ВО ГОДИШНИТЕ ПРОГРАМИ ЗА РАБОТА ОД СЕКТОРОТ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ, ДЕТСКА, ЗДРАВСТВЕНА И СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА ЗА УЧЕБНАТА 2022/2023 ГОДИНА НАМЕНЕТИ ЗА УЧЕНИЦИ, СТУДЕНТИ И НАСТАВНИЦИ**

**Член 1**

Се усвојува програмски документ – препораки за видовите, критериумите, висината и начинот на спроведување постапки за финансиска поддршка од средствата предвидени во буџетот на општина Охрид и во годишните програми за работа од Секторот за образование, детска, здравствена и социјална заштита за учебната 2022/2023 година наменети за ученици, студенти и наставници.

Документот е составен дел од оваа одлука и истиот секогаш ќе биде во согласност и ќе биде прилагодуван со соодветните одлуки на Советот на општина Охрид донесени по однос на овие прашања.

**Член 2**

Со документот се утврдуваат начинот, постапките и критерумите за доделување финансиска поддршка на ученици и студенти од Општина Охрид, поддршка на лица со ретки болести и посебни образовни потреби, спроведување мерки за подобрување на квалитетот на образовниот процес во основните и средните училишта од општина Охрид и мерки за поддршка на наставниците, во учебната 2022/23 година.

**Член 3**

Правилата и процедурите содржани во овој документ се дополнување на законски утврдените норми за наменско користење на планираните средства во Буџетот на Општина Охрид. Целта е на едно место да се прикажат начинот и условите за добивање финансиска поддршка преку Секторот за образование, детска, здравствена и социјална заштита, а со нивното јавно промовирање да се обезбеди поголема транспарентност и отчетност за реализираните активности кои се дел од Годишните програми на овој сектор.

**Член 4**

Оваа одлука стапува на сила осмиот ден од денот на објавување во Службен гласник на општина Охрид.

**Број 08- 9420/3** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**12.07.2022 год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

**ПРЕПОРАКИ**
**за видовите, критериумите, висината и начинот на спроведување постапки за доделување финансиска поддршка од средствата предвидени во буџетот на општина Охрид и во годишните програми за работа од Секторот за образование, детска,здравствена и социјална заштита за учебната 2022/2023 година наменети за ученици, студенти и наставници**

**Член 1**

Со овој документ се утврдуваат видовите, начинот, висината, постапките и критерумите за доделување финансиска поддршка на ученици и студенти од Општина Охрид , поддршка на лица со ретки болести и посебни образовни потреби, спроведување мерки за подобрување на квалитетот на образовниот процес во основните и средните училишта од општина Охрид и мерки за поддршка на наставниците , во учебната 2022/23 година.

**Член 2**

Правилата и процедурите содржани во овој документ се дополнување на законски утврдените норми за наменско користење на планираните средства во Буџетот на

Општина Охрид. Целта е на едно место да се прикажат начинот и условите за добивање финансиска поддршка преку Секторот за образование, детска, здравствена и социјална заштита а со нивното јавно промовирање да се обезбеди поголема транспарентност и отчетност за реализираните активности кои се дел од Годишните програми на овој сектор.

**Член 3**

Проектот „**Нашите првачиња**„ предвидува финансиска поддршка од 3000 денари за секое запишано прваче во основните училишта во општина Охрид.

До 20-ти септември, основните училишта треба да доставаат до Секторот за образование, детска, здравствена и социјална заштита список со запишани првачиња во тековната учебна година и трансакциска сметка на еден од родителите или старателите. Комисија формирана од Градоначалникот ги проверува доставените списоци и изготвува предлог –решение а Градоначалникот носи решение за исплата на средства.

Овие средства ќе се предвидат со Ребаланс на буџетот на Општина Охрид во рамки на Годишната програма за основно образование -Н1.

**Член 4**

Општина Охрид за учебната 2022/2023 година ќе додели **стипендии на ученици од општинските основни училишта** и тоа:

- стипендии за талентирани ученици од I до IX одделение кои освоиле прво,второ и трето место на регионални, државни и меѓународни натпревари организирани од акредитирани здруженија на наставници.

-стипендии за ученици од I до IX одделение кои живеат во потешки социјални услови односно во семејства кои остваруваат ниски месечни примања- во висина до износот на минимална плата во Македонија, или пак се социјални случаи – примателли на еднократна или постојана парична помош;

-стипендии за посебни остварувања на ученици од I до IX одделение кои постигнале значајни резултати во областа на спортот,литературата, музичката, ликовната уметност и други вештини.

Висината на стипендиите ќе изнесува 2.000,00 денари месечно,за 9 (девет) месеци од учебната 2022/2023 година. Пред објавување на јавниот повик за доделување стипендии ,Градоначалникот на општина Охрид формира комисија и носи правилник со кој детално ќе се уредат постапките и критериумите за доделување и исплаќање на стипендиите,како и начинот на бодување и проверка на поднесените документи на апликантите. Комисијата изготвува предлог- решение и ранг листа а градоначалникот носи решение за доделување стипендии. Членовите на комисијата изготвуваат договори за секој апликант –добитник на стипендија и истите ги доставуваат до Секторот за финансии.Одбиените апликанти ,во законски утврден рок , имаат право на жалба до второстепена комисија формирана од страна на Градоначалникот.

Постапката за доделување ученички стипендии ќе започне на почетокот на 2023 година а средствата ќе бидат обезбедени во Буџетот за 2023 год.- Програм Н1.

**Член 5**

Општина Охрид за учебната 2022/2023 година ќе додели **стипендии на ученици од општинските средни училишта** и тоа:

- стипендии за талентирани ученици од I,II, III и IV година, кои освоиле прво,второ и трето место на регионални, државни и меѓународни натпревари организирани од акредитирани здруженија на наставници.Општина Охрид ќе додели стипендии на талентирани ученици од I година запишани во средните училишта, кои критериумот за талентираност го постигнале како ученици во IX одделение , со цел да ги поттикне учениците кои учат во завршната година на основното образование да учествуваат на натпревари од областа на науката и да постигнуваат врвни резултати;

- стипендии за ученици од I, II,III и IV година кои живеат во потешки социјални услови ,односно во семејства кои остваруваат ниски месечни примања- во висина до износот на минимална плата во Македонија, или пак се социјални случаи – приматели на еднократна или постојана парична помош;

- стипендии за посебни остварувања на ученици од I, II, III и IV година кои постигнале значајни резултати во областа на: спортот, литературата, музичката, ликовната уметност и други вештини.

Висината на стипендиите ќе изнесува 2.000,00 денари месечно,за 9 (девет) месеци од учебната 2022/2023 година. Пред објавување на јавниот повик за доделување стипендии ,Градоначалникот на општина Охрид формира комисија и носи правилник со кој детално се уредуваат постапките и критериумите за доделување и исплаќање на стипендиите,како и начинот на бодување и проверка на поднесените документи на апликантите. Комисијата доставува предлог- решение и ранг листа до Градоначалникот кој носи решение за доделување стипендии. Членовите на комисијата изготвуваат договори за секој апликант –добитник на стипендија и истите ги доставуваат до Секторот за финансии.Одбиените апликанти ,во законски утврден рок , имаат право на жалба до второстепена комисија формирана од страна на Градоначалникот.

Постапката,односно јавниот повик за доделување стипендии ќе започне на почетокот на 2023 година а средствата ќе бидат обезбедени во Буџетот за 2023 год.- Програм Н2.

**Член 6**

**Општина Охрид за академската 2022/2023 година ќе додели студентски стипендии** и тоа:

-стипендии за редовни студенти од општина Охрид на додипломски студии во I година на државни универзитети во други земји, кои живеат во потешки социјални услови односно имаат примања во висина до просечна плата во Македонија;

- стипендии за редовни студенти од општина Охрид, на додипломски студии во I година, на државните универзитети во РМ, за академската 2022/2023 година, кои живеат во потешки социјални услови односно во семејства кои остваруваат ниски месечни примања- во висина до износот на минимална плата во Македонија, или пак се социјални случаи – приматели на еднократна или постојана парична помош;

- стипендии за студенти од општина Охрид запишани во прва година на факултети односно струки кои се дефицитарни во општина Охрид (дефицитарноста ќе се

одредува според податоци добиени од Агенцијата за вработување и потребата од одреден кадар );

Висината на стипендиите ќе изнесува 3.000,00 денари месечно,за 9 (девет) месеци од академската 2022/2023 година. Пред објавување на јавниот повик за доделување стипендии ,Градоначалникот на општина Охрид формира комисија и носи правилник со кој детално ќе се уредат постапките и критериумите за доделување и исплата на стипендиите,како и начинот на бодување и проверка на поднесените документи на апликантите. Комисијата доставува предлог- решение и ранг листа до Градоначалникот кој носи решение за доделување стипендии. Членовите на комисијата изготвуваат договори за секој апликант –добитник на стипендија и истите ги доставуваат до Секторот за финансии .Одбиените апликанти ,во законски утврден рок , имаат право на жалба до второстепена комисија формирана од страна на Градоначалникот.

Постапката,односно јавниот повик за доделување стипендии ќе започне на почетокот на 2023 година. Средствата ќе се предвидат во Буџетот за 2023 година во рамки на програмата А0 ( а програмски ќе влезат во рамки на Годишната програма за средно образование -Н2).

**Член 7**

**Образовен додаток** е мерка наменета за студенти од општина Охрид кои студираат надвор од Охрид а потекнуваат од семејства со социјален ризик-со примања до износот на минимална плата во Македонија, многудетни семејства и еднородителски семејства .

Еднократно ќе се доделат по 6000 денари на најмногу 120 студенти .

Пред објавување на јавниот повик за доделување образовен додаток Градоначалникот на општина Охрид формира комисија и носи правилник со кој детално ќе се уредат постапките и критериумите за доделување и исплаќање на образовниот додаток, како и начинот на бодување и проверка на поднесените документи на апликантите. Членовите на комисијата изготвуваат ранг- листа и предлог решение а Градоначалникот носи решение за доделување образовен додаток на 120 студенти од ранг- листата.

Јавниот повик ќе започне на почетокот на академската 2022/2023 година. Средствата ќе се предвидат со Ребаланс на буџетот за 2022 година во рамки на Програмата за социјална заштита.

**Член 8**

Општина Охрид за учебната ,односно академска 2022/2023 година ќе додели стипендии на ученици во основно и средно образование, студенти, магистранти и докторанти кои се **лица со ретки болести и посебни образовни потреби** а живеат во општина Охрид.

За учениците е предвиден износ од 2000 денари месечно за 9 месеци а за студенти, магистранти и докторанти износ од 3000 денари месечно за 9 месеци.

Пред објавување на јавниот повик за доделување стипендии ,Градоначалникот на општина Охрид формира комисија и носи правилник со кој детално се уредуваат постапките и критериумите за доделување и исплата на стипендиите како и начинот на

бодување и проверка на поднесените документи на апликантите. Комисијата доставува предлог а Градоначалникот носи решение за доделување стипендии. Членовите на комисијата изготвуваат договори за секој апликант –добитник на стипендија и истите ги доставуваат до Секторот за финансии.Одбиените апликанти ,во законски утврден рок , имаат право на жалба до второстепена комисија формирана од страна на Градоначалникот.

Средствата ќе бидат предвидени во Програмата за социјална заштита на општина Охрид за 2023 година. Постапката ќе започне на почетокот на 2023 година .

**Член 9**

Во согласност со член 40 став 5 од Законот за основно образование „ако се обезбедени услови и средства од основачот, основното училиште може да организира **продолжен престој** за учениците во групи и тоа, од прво до петто одделение со ученици од исто одделение или од прво до трето и од четврто и петто одделение со ученици од различни одделенија. Во продолжен престој учениците се вклучуваат во согласност со родителот, односно старателот.. Оваа законска можност Општина Охрид ,како основач на основните училишта , години наназад ја реализира со сопствени средства обезбедени во Буџетот. Наставниците ќе се ангажираат за период од 9 месеци , на пола работно време преку Агенција за привремени вработувања .Износот на нето примањата за нивната работа да изнесува 15.000 денари месечно. Средствата ќе бидат предвидени со Ребаланс на буџетот во рамки на Програмата Н1.

**Член 10**

Согласно член 39 став 3 од Законот за основно образование „ во основните училишта може да се реализираат и проекти за унапредување на воспитно-образовниот процес или за истражувачки цели“.Во тој контекст , од учебната 2022/2023 год. во две основни училишта во Општина Охрид: ООУ „Св.Климент Охридски„ и ООУ „Христо Узунов“, ќе отпочне да се реализира пилот-проектот „**Италијански јазик во основното образование“** каде ќе се воведе факултативно изучување на италијанскиот јазик по два часа неделно за учениците од 5- то и 6 -то одделение.

Од спроведените анкети во двете училишта за заинтересираноста на родителите и учениците од 4 -то и 5- то одделение во учебната 2021/2022 година , добиени се следните резултати:

-Во ООУ „Христо Узунов“ -Охрид ,во 4- то одделние од вкупно 112 ученици ,75 од нив односно 67% се изјасниле за изучување на италијански јазик, а во 5- то одделние од вкупно 98 ученици, 73-ца односно 74% се изјасниле за изучување на италијански јазик.

- Во ООУ „Св. Климент Охридски„ Охрид , во 4- то одделние од вкупно 42 ученици 32-ца односно 76% се изјасниле за изучување на италијански јазик, а во 5-то одделние од вкупно 38 ученици, 18 од нив односно 47% се изјасниле за изучување на италијански јазик.

Со овој пилот –проект, на почеток ќе бидат опфатени само последната година од одделенска настава и првата година од предметна настава( во овие две училишта) а понатамошниот опфат ќе оди согласно потребите и интересот на учениците и родителите. Во средно образование, години наназад учениците го изучуваат

италијанскиот јазик, кој единствено од трите изборни јазици не се изучува и во основно образование (за разлика од француските и германскиот јазик кои се изучуваат и во основните училишта).

Со реализацијата на овој проект ќе се обезбеди континуитет во учењето на јазикот и запознавање на учениците од помала возраст со италијанскиот јазик и култура .

Министерството за образование и наука има дадено согласност за спроведување на Проектот.

Наставниот кадар по италијански јазик ќе се ангажира преку Агенција за привремени вработувања .Предност ќе има постојниот кадар во средните училишта (доколку некој нема полн фонд на часови). Средствата за финансирање на овој проект ќе се предвидат во рамки на Програмата Н1, со Ребаланс на буџетот.

**Член 11**

Согласно член 40 став 1 од Законот за основно образование ,се поттикнуваат директорите на основните училишта во општина Охрид, сериозно внимание да посветат на законската можност за реализирање **проширена програма** во училиштата, особено во делот на организирање секции, клубови и натпревари надвор од наставната програма.Со тоа би се детектирале надарените и талентираните ученици со кои, согласно член 32 и член 34 од Законот за основно образование и член 51-а од Законот за средно образование би се изведувала додатна настава. Доколку има потреба од ангажирање на дополнителен наставен кадар за работа со овие ученици, ,Општина Охрид на барање од училиштата за ангажирање на потребниот кадар ќе обезбеди средства во Буџетот Програм Н1 и Н2 .

**Член 12**

Општина Охрид се обврзува да обезбеди бесплатен превоз за учениците и наставниците кои ќе учествуваат на регионални, државни и меѓународни натпревари. Средствата се предвидени во Годишните програми Н1 и Н2. Изборот на превозникот ќе се врши согласно одредбите во Законот за јавни набавки.

**Член 13**

Општина Охрид за учебната 2022/23 година дополнително ќе го вреднува остварениот успех на учениците на напреварите во знаење кои се организираат по наставните предмети. За таа цел ,покрај доделување стипендии и традиционалното доделување признанија на денот на сесловенските просветители „ Св. Кирил и Методиј„ ќе се доделуват и **парични награди за учениците и нивните ментори** и тоа:

- За освоено прво место на државен натпревар во знаење по наставен предмет ќе се доделува еднократно по 10.000 денари за ученикот и неговиот ментор;
- За освоено второ место на државен натпревар ќе се доделува по 7000 денари за ученикот и неговиот ментор;
- За освоено трето место на државен натпревар ќе се доделува по 4000 денари за ученикот и неговиот ментор;
- За освоено прво место на меѓународни натпревари (според член 45 став 2 од Законот за Основно образование и член 24-б од Законот за средно образование „под меѓународен натпревар од ставот (1) на овој член, се подразбира натпревар на

кој учествуваат ученици од најмалку десет различни држави, на кој се споредуваат знаењата помеѓу учениците од различните држави, се врши рангирање на најдобрите ученици од сите земји кои учествуваат“) ќе се доделува еднократно по 18.000 денари за ученикот и неговиот ментор;

- За освоено второ место на меѓународен натпревар ќе се доделува по 15.000 денари за ученикот и неговиот ментор;
- За освоено трето место на меѓународен натпревар ќе се доделува по 12. 000 денари за ученикот и неговиот ментор;
- Се доделува награда и за „Првенец на генерацијата„ во основните и средните општински училишта. По изброт согласно процедурите на училиштето, директорот на училиштето доставува известување до општина Охрид по што на ученикот ќе му биде исплатена награда во вредност од 10.000,00 денари

Се задолжуваат сите основни и средни училишта од Општина Охрид навремено да доставуваат прегледи со ученици и ментори за освоени прво,второ или трето место на државен или меѓународен натпревар во тековната учебна година.Во прилог со прегледот треба да достават и доказ за освоените награди(копии од дипломи или признанија). Комисија формирана од страна на Градоначалникот ќе ја проверува веродостојноста на доставените документи , и ќе изготви предлог- решение а Градоначалникот носи решение за исплата на средства .

Целтта на овие мерки е да се поттикнат учениците и нивните ментори да учествуваат на натпреварите во знаење и да постигнуваат врвни резултати. Средствата за оваа намена ќе бидат предвидени во Програмите Н1 и Н2 за 2023 година а ќе се однесуваат на достигнувања во учебната 2022/2023 година.

**Член 14**

За учениците со посебни образовни потреби во основните и средните училишта во општина Охрид( според член 35 од Законот за основно образование „ученици со попреченост се оние кои имаат долготрајни физички, ментални, интелектуални или сетилни оштетувања, кои во интеракција со различните општествени бариери може да го попречат нивното целосно и ефективно учество во општеството на еднаква основа со другите, ученици со нарушување во однесувањето или емоционални проблеми или со специфични тешкотии во учењето и ученици кои потекнуваат од неповолни социо-економски, културни, и/или јазични депривирани средини.“) а кои имаат потреба од тутори или медијатори истите ќе бидат обезбедени согласно член 36 и член 37 од Законот за Основно образование и член 48-б од Законот за средно образование.

Доколку има потреба од ангажирање персонални асистенти за работа со ученици од основните и средните училишта ,финансирањето ќе оди преку Програмата за социјална заштита на Општина Охрид .

**Член 15**

Се препорачува на Градоначалникот на општина Охрид и стручните служби да спроведат мерки и активности со кои ќе се овозможи целосна имплементација на насоките и препораките дадени во овој документ.

**Број 08- 9420/3-1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**12.07.2022 год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПРЕСТАНУВАЊЕ НА ВАЖНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ ПРАВИЛНИК ЗА СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА ОПШТИНСКИОТ ЛИНИСКИ ПРЕВОЗ НА ПАТНИЦИ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за престанување на важност на одлуката за донесување правилник за субвенционирање на општинскиот линиски превоз на патници на подрачјето на општина Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 12.07.2022 година.

**Број 09-9420/36** **ОПШТИНА ОХРИД**
**12.07.2022 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 22 и член 23 од Законот за превоз во патниот сообраќај („Службен весник на РМ“ бр.68/2004, 127/2006, 114/2009, 83/2010, 140/2010, 17/2011, 53/2011, 6/2012, 23/2013, 120/2013, 163/2013, 187/2013, 42/2014, 112/2014, 166/2014, 44/2015, 97/2015, 124/2015, 129/2015, 193/2015, 37/2016, 71/2016, 64/2018, 140/2018, 163/2018, 275/19),член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весникна РМ“ бр.5/02), член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20) и Одлуката за измена и дополнување на Програмата за одржување и заштита на локални патишта и улиции регулирање на режим на сообраќај (Ј6) бр.08-7805/4 од 08.06.2022 година, Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 12.07.2022 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕСТАНУВАЊЕ НА ВАЖНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ ПРАВИЛНИК ЗА СУБВЕНЦИНИРАЊЕ НА ОПШТИНСКИОТ ЛИНИСКИ ПРЕВОЗ НА ПАТНИЦИ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ОХРИД**

**Член 1**

Со оваа Одлука престануваат да важат Одлуката за донесување правилник за субвенционирање на општински линиски превоз на патници бр.08-1332/7 донесена од Советот на општина Охрид бр.08-1332/7 од 10.02.2022 година како и Одлуката за изменување на правилникот за субвенционирање на општински линиски превоз на патници донесена од Советот на општина Охрид бр.08-4989/14 од 18.04.2022 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Охрид“

**Број 08-9420/4** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**12.07.2022 год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПРЕСТАНУВАЊЕ НА ВАЖНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ ПРАВИЛНИК ЗА СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА ЛИНИСКИ ПРЕВОЗ НА ПАТНИЦИ КОЈ ЗАЕДНИЧКИ ГО ОРГАНИЗИРААТ ОПШТИНА ОХРИД И ОПШТИНА ДЕБАРЦА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за престанување на важност на одлуката за донесување правилник за субвенционирање на линиски превоз на патници кој заеднички го организираат општина Охрид и општина Дебарца, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 12.07.2022 година.

**Број 09-9420/37** **ОПШТИНА ОХРИД**
**12.07.2022 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 22 и член 23 од Законот за превоз во патниот сообраќај („Службен весник на РМ“ бр.68/2004, 127/2006, 114/2009, 83/2010, 140/2010, 17/2011, 53/2011, 6/2012, 23/2013, 120/2013, 163/2013, 187/2013, 42/2014, 112/2014, 166/2014, 44/2015, 97/2015, 124/2015, 129/2015, 193/2015, 37/2016, 71/2016, 64/2018, 140/2018, 163/2018, 275/19),член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весникна РМ“ бр.5/02), член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20) и Одлуката за измена и дополнување на Програмата за одржување и заштита на локални патишта и улиции регулирање на режим на сообраќај (Ј6) бр.08-7805/4 од 08.06.2022 година, Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 12.07.2022 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕСТАНУВАЊЕ НА ВАЖНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ ПРАВИЛНИК ЗА СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА ЛИНИСКИ ПРЕВОЗ НА ПАТНИЦИ КОЈ ЗАЕДНИЧКИ ГО ОРГАНИЗИРААТ ОПШТИНА ОХРИД И ОПШТИНА ДЕБАРЦА**

**Член 1**

Со оваа Одлука престанува да важи Одлуката за донесување правилник за субвенционирање на линиски превоз на патници кој заеднички го организираат општина Охрид и општина Дебрца бр.08-4989/13 донесена од Советот на општина Охрид бр.08-4989/13 од 18.04.2022 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Охрид“

**Број 08- 9420/5**
**12.07.2022 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА НА ОДЛУКАТА ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА СУБВЕНЦИИ ВО ЛИНИСКИОТ ПРЕВОЗ НА ПАТНИЦИ, КОЈ ЗАЕДНИЧКИ ГО ОРГАНИЗИРААТ ОПШТИНА ОХРИД И ОПШТИНА ДЕБАРЦА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за измени и дополнувања на одлуката за остварување на субвенции во линискиот превоз на патници, кој заеднички го организираат општина Охрид и општина Дебарца, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 12.07.2022 година.

**Број 09-9420/38**
**12.07.2022 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 22 и член 23 од Законот за превоз во патниот сообраќај („Службен весник на РМ“ бр.68/2004, 127/2006, 114/2009, 83/2010, 140/2010, 17/2011, 53/2011, 6/2012, 23/2013, 120/2013, 163/2013, 187/2013, 42/2014, 112/2014, 166/2014, 44/2015, 97/2015, 124/2015, 129/2015, 193/2015, 37/2016, 71/2016, 64/2018, 140/2018, 163/2018, 275/19), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весникна РМ“ бр.5/02), член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20) и Одлуката за измена и дополнување на Програмата за одржување и заштита на локални патишта и улици и регулирање на режим на сообраќај (Ј6) бр.08-7805/4 од 08.06.2022 година, Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 12.07.2022 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА НА ОДЛУКАТА ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА СУБВЕНЦИИ ВО ЛИНИСКИОТ ПРЕВОЗ НА ПАТНИЦИ, КОЈ ЗАЕДНИЧКИ ГО ОРГАНИЗИРААТ ОПШТИНА ОХРИД И ОПШТИНА ДЕБАРЦА**

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши измена и дополнување на Одлуката за остварување на субвенции во линиски превоз на патници, кој заеднички го организираат општина Охрид и општина Дебарца, донесена од Советот на општина Охрид бр.08-1332/9 од 10.02.2022 година.

**Член 2**

Членот 3 од Одлуката за остварување на субвенции во линиски превоз на патници, кој заеднички го организираат општина Охрид и општина Дебарца бр.08-1332/9, се менува и гласи:

„Должината на линијата која е предмет на субвенционирање ќе биде утврдена од страна на комисија формирана од страна на Градоначалникот на општина Охрид, согласно утврдените стојалишта, во присуство на претставник на превозникот кој го добил одржувањето на линијата на јавниот повик за доделување на линии во линискиот превоз на патници, кој заеднички го организираат општина Охрид и општина Дебарца“.

**Член 3**

После членот 7 од Одлуката, се додава нов член 8 кој гласи:

„Се задолжува градоначалникот на општина Охрид да донесе Правилник со кој ќе се регулира начинот и критериумите на распределба на субвенциите во линискиот превоз на патници кој заеднички го организираат општина Охрид и општина Дебарца и општинскиот линиски превоз на патници на подрачјето на општина Охрид “.

Членот 8 од Одлуката за остварување на субвенции во линиски превоз на патници бр. 08-1332/9, станува член 9.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08-9420/6**
**12.07.2022 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОПШТИНСКИ ЛИНИСКИ ПРЕВОЗ НА ПАТНИЦИ ВО ОПШТИНА ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за дополнување на одлуката за изменување и дополнување на одлуката за општински линиски превоз на патници во општина Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 12.07.2022 година.

**Број 09-9420/39**
**12.07.2022 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), член 18 од Статутот на општина Охрид („Службен гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14 и 15/20), а во врска со член 22 од Законот за превоз во патниот сообраќај („Сл.Весник на РМ“ бр.68/04, 128/06, 114/09, 83/10, 140/10, 17/11, 53/11, 6/12, 23/13, 120/13, 163/13, 187/13, 42/14, 112/14, 166/14, 97/15, 124/15, 129/15, 193/15, 37/16, 71/16, 64/18, 140/18, 163/18, 275/19), Советот на општина Охрид на седницата оддржана на ден 12.07.2022 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОПШТИНСКИ ЛИНИСКИ ПРЕВОЗ НА ПАТНИЦИ ВО ОПШТИНА ОХРИД**

**Член 1**

Со оваа одлука се врши дополнување на одлуката за изменување и дополнување на одлуката за општински линиски превоз на патници во општина Охрид, донесена од Советот на општина Охрид со број 08-12305/34 од 06.12.2021 година и тоа:

- Во член 25-а, во став 1 во табеларниот приказ се додава нова релација која гласи:

Охрид - Орман за која максималната цена треба да изнесува 40 денари.

**Член 2**

